**КОНФЕДЕРАЦИЈА НА СЛОБОДНИ СИНДИКАТИ НА МАКЕДОНИЈА**

# *Д Е Л О В Н И К*

**за работа на Конференцијата**
**на слободни синдикати на Македонија**

**Скопје, 29.12.2009 година**

Врз основа на чл. 21 од Статутот на КСС, Конференцијата на Конфедерацијата на слободни синдикати на Македонија на 29.12.2009 година го усвои следниот

# *Д Е Л О В Н И К*

**Член 1**

Со овој Деловник се регулира начинот на работа на Конференцијата на слободни синдикати на Македонија (во натамошниот текст: КСС).

**Член 2**

Овој Деловник за работа на Конференцијата се усвојува на почетокот на работата со јавно изјаснување на членовите.

**Член 3**

Право на одлучување на сите прашања во работата на Конференцијата имаат членовите.

**Член 4**

Конференцијата ја отвора Претседателот на КСС и раководи со работа.

**Член 5**

Конференцијата донесува одлуки, ако гласаат 2/3 од бројот на присутните членови.

Конференцијата може да работи ако присуствуваат 1/2 од членовите на Конференцијата.

**Член 6**

Претседателот на КСС на Конференцијата ѝ предлага дневен ред за работа на Конференцијата.

На Конференцијата може да се даваат предлози за измени и дополнувања на дневниот ред. За предлозите се отвора расправа. Предлогот за измени и дополнување на дневниот ред е усвоен доколку за него се изјаснат

мнозинството од присутните делегати. Потоа дневниот ред во целина се става на гласање.

Дневниот ред е усвоен ако за него се изјаснат 2/3 од бројот на присутните членови.

Разгледувањето на точките од дневниот ред се врши според редоследот од дневниот ред.

**Член 7**

Секој член на Конференцијата може да расправа и дискутира по дневниот ред и да дава предлози и забелешки.

Членот кој сака да дискутира се пријавува на Претседателот, а добива збор според редоследот на пријавените дискутанти.

Членовите се должни во своите дискусии да се придржуваат по дневниот ред. Претседателот на Конференцијата може да му го одземе зборот на оној член кој со својата дискусија не се придржува на дневниот ред и на одредбите од овој Деловник, по претходно предупредување.

**Член 8**

За прашања кои не се регулирани со овој Деловник одлучува Претседателот на КСС, а кога ќе оцени дека станува збор за прашања од поголемо значење, бара изјаснување на членовите на Конференцијата.

Во Скопје,
29.12.2009 год.

Претседател на КСС,
Раско Мишкоски